ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2024 ГОДИНА НА ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

01 2025 02 01

Скопје, јуни 2026 година

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2024 година.

Со извршената ревизија за 2024 година изразивме неповолно мислење во однос на реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Фондот за 2023 година. Изразено е неповолно мислење во однос на  реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставените политики.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2023 година презентирано како прилог број 4, при што утврдивме дека од дадените дваесет и три препораки три се спроведени, четири препораки се во тек на спроведување, осум препораки се делумно спроведени и осум препораки не се спроведени.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2024 година, ги утврдивме следниве состојби:

- не е извршено евидентирање на движниот и недвижен имот во деловните книги на постојаните средства добиени по основ на стечајни постапки за кои Фондот има сопственост или пренесено право на користење;
- пописот на  земјиштето е нецелосно спроведен и не е воспоставена целосна сметководствена евиденција на истото;
- пописот на  дел од побарувањата е извршен без утврдување на правниот основ и застареност;
- Фондот не располага со целосни податоци за вкупно наплатените средства од акцизи од Буџетот и за основот за повлекување на средства од сметката од страна на Министерството за финансии што влијае на потврдување на точноста и целосноста на наплатените приходи по овој основ;
- слабости во начинот на издавање на деловниот простор под закуп;
- на сметката за уплата и распределба на придонеси, на крајот на секоја година остануваат парични средства кои не се користат за исплата на пензии;
- слабости во спроведувањето на постапките и реализацијата на договорите за јавни набавки;
- слабости во начинот на доделување и исполнетоста на условите за сместување во становите при домовите за живеење на корисниците на пензија со кои стопанисува Фондот и

- извршено е именување на в.д директор за период подолг од шест месеци и со именување на новиот директор не е склучен менаџерски договор со кој би се уредиле правата, одговорностите и висината на платата;

За надминување на утврдените состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на нагласување на прашања ги обелоденуваме следните состојби:

- ненавремена уплата на придонесите од задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување за осигурениците членови на вториот пензиски столб и за здравствено осигурување на корисниците на пензија;
- честа измена на законската регулатива која го уредува пензиското и инвалидското осигурување, особено во делот на начинот и критериумите за усогласување и зголемување на висината на пензиите;
- постои континуиран недостиг на кадровски капацитети на стручен и обучен кадар во секторите клучни за дејноста што влијае на квалитетот на извршувањето на дејноста на Фондот;
- ненаплатени побарувања по основ на исплатени пензии на починати корисници, времени, семејни пензии и друг вид на неосновани исплати на пензии;
- судските постапки во кои Фондот е тужена страна односно тужител што може да има финансиски импликации;
- случаи на неосновано повлечени средства од сметката на Фондот од страна на извршителите, во кои како должници се јавуваат корисници на пензија и
- неплатениот придонес на Фондот како и побарувањата за неплатен придонес кои потекнува од 2008 година и се од неактивни обврзници или за кои е покрената стечајна постапка и за кои постои неизвесност за наплата;

Во делот кој се однесува на клучните ревизорски прашања ја истакнавме состојбата на покривање на дефицитот на Фондот од Буџетот, структурата и нивото на остварени приходи во известувачкиот период, дефицитот во исплатата на пензиските примања поврзани со инфлаторните движења и неповолните демографски движења.

Во делот на останати прашања известуваме за не усогласеноста на Законот за ПИО со Законот за административни службеници во начинот на пресметка на платите на вработените.

Во делот кој се однесува на слабостите на внатрешните контроли известуваме за следново:

- воспоставениот систем на контроли во Подрачните единици на Фондот кои работат во несоодветни услови како и слабостите во нивното работење;
- системот на внатрешни контроли во процесот на остварување на правата од ПИО и
- отсуствува поделба на надлежностите и одговорностите на вработените вклучени во процесот на остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување.

Од страна на одговорното лица на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за периодот предмет на ревизија доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани при што една забелешка е прифатена, најголем дел од забелешките претставуваат известувања за преземените активности или активностите кои ќе се преземат во идниот период и две забелешки не се прифаќаат.

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. Основ за неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи | 7 |
| 4. Нагласување на прашања | 14 |
| 5. Клучни ревизорски прашања | 23 |
| 6. Останати прашања | 26 |
| 7. Законска основа за ревизијата и временски период | 27 |
| 8. Опфат и ограничувања | 28 |
| 9. Одговорност за финансиски извештаи | 27 |
| 10. Одговорност на ревизорите | 28 |
| 11. Недостатоци во внатрешната контрола | 30 |
| 12. Одговор на ревидираниот субјект | 33 |
| Финансиски извештаи за 2024 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 35 |
| Биланс на состојба | 36 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 37 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 38 |
| Сметководствени политики | 41 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 43 |

Прилог 1 - Преглед на постапки за јавна набавка кај кои се утврдени неправилности
Прилог 2 - Нераспределен придонес кон пензиските друштва
Прилог 3 - Нераспределен придонес за здравствено осигурување на корисниците на пензија кон Фондот за здравствено осигурување
Прилог 4 - Известување за извршена проверка на преземени мерки од страна на субјектот предмет на ревизија

Прилог 5 – Забелешки од одговорното лице

Прилог 6 – Одговор на забелешките на овластениот државен ревизор

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| Влада | Влада на Република Северна Македонија |
| ЕО | Економски оператор |
| ЕСЈН | Електронски систем за јавни набавки |
| ЕУ | Европска унија |
| ЗЈН | Закон за јавни набавки |
| ЗЈВФК | Закон за јавна внатрешна финансиска контрола |
| ИКТ | Информатички комуникациски технологии |
| ИТ | Информатички технологија |
| ЈН | Јавни набавки |
| МФ | Министерство за финансии |
| ПЕ | Подрачна единица |
| ПИО | Пензиско и инвалидско осигурување |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| УО | Управен одбор |
| ФЗОРСМ | Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија |
| ФОНД | Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија |

Број:22-644/6
Дата: 10.06.2026

## 1. Вовед

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија основан согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување[1], врши дејност од јавен интерес, ги спроведува и следи прописите и политиките на развој на пензиското и инвалидското осигурување, меѓународните ратификувани договори од негова надлежност, состојбата на уплатување на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, одлучува за правата, врши исплата на пензии и други работи утврдени со закон, Статут и другите акти на Фондот.

Системот на пензиското и инвалидското осигурување е составен од:

- задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност (прв столб);
- задолжително капитално финансиско пензиско осигурување (втор столб) и
- доброволно капитално финансиско пензиско осигурување (трет столб).

Со првиот столб, врз начелото на социјалната праведност и генерациска солидарност, се остваруваат правата во случај на старост, инвалидност, смрт и телесно оштетување, во вториот пензиски столб се остваруваат правата со законот кој го уредува задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

Права на пензиско и инвалидско осигурување се: право на староснa пензија, инвалидска пензија, право на професионална рехабилитација, семејна пензија паричен надоместок за телесно оштетување и право на најнизок износ на пензија.

Правата од пензиско и инвалидско осигурување се неотуѓиви, лични материјални и не можат да се пренесуваат на други лица.

[1] Службен весник на Република Македонија број 98/12...245/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 180/19...269/25

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи од страна 34 до 36 на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, за 2024 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи и
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија, за 2024 година, со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1, финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија на ден 31 декември 2024 година како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Согласно ISSAI, се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи

3.1.1. По основ на завршени стечајни постапки, Фондот како доверител врз основа на пријавено побарување за неплатени придонеси за ПИО, се стекнува со право за преземање на движен и недвижен имот од стечајни должници. Со Одлука на претседател на УО на Фондот[2] формирана е Комисијата за попис на движен и недвижен имот стекнат по пат на стечајни постапки и изготвен е Извештај[3] со прилог преглед на имот добиен со стечајни постапки. Согласно прегледот, Фондот со состојба на ден 31.12.2024 година се стекнал со имот во вкупен износ од 293.231 илјади денари и тоа:

- недвижен имот (објекти за производство, силоси, апартмани, продавници и деловни објекти и други објекти) во вкупен износ од 194.504 илјади денари и
- движен имот (машини за шиење, резервни делови, разна опрема) преземени во претходни години во вкупен износ од 98.727 илјади денари.

Дел од имотот не е преземен од причина што на Фондот му припаѓа процентуален дел кој не е поделен поради повеќето доверители кои остваруваат право на истиот. Утврдивме дека не е воспоставена сметководствена евиденција на горенаведениот имот што не е во согласност со член 2 и 4 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници согласно кои буџетските корисници треба да извршат сеопфатно евидентирање и да обезбедат податоци за состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата и влијае врз реалноста и објективноста на искажаните податоци во Билансот на состојба.
Наведените состојби се истакнати во точка 3.1.1. од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор[4] за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година и истите сè уште не се надминати.

Препорака
Одговорните лица за раководење и управување да продолжат со активностите за сметководствено евидентирање на имотот добиен по основ на затворени стечајни постапки.

3.1.2. На 31.12.2024 година во вонбилансната евиденција на Фондот евидентирано е градежно земјиште со вкупна вредност од 243.904 илјади денари, кое се однесува на пензиските домови и клубови во износ од 138.882

---

[2] Број 02-745/1 од02.12.2024 година
[3] од спроведениот попис на движен и недвижен имот кој припаѓа на ПИОМ стекнат по пат на стечајна постапка број 16-200/1 од 14.01.2025 година
[4] Број 22-70/1 од 17.01.2025 година

илјади денари и на филијалите, деловниците и одморалиштата во износ од 105.022 илјади денари, за кои не е воспоставена материјална евиденција. Во Извештајот од извршениот попис не се дадени податоци за евидентираното земјиште по локации/општини, површина и поединечна вредност, поради што не може да се добие точен податок за кое земјиште се работи евидентирано во вонбилансната евиденција.

Наведените состојби не се во согласност со член 2 и член 8 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници со кои е уреден начинот на водење на книгата на капиталниот имот и има влијание врз реалноста и објективноста на прикажаните податоци во Билансот на состојба на 31.12.2024 година.

Донесена е Одлука[5] за јавна набавка на услуги за изработка на проценки на недвижни и движни ствари за потребите на Фондот и на 13.03.2026 година објавен е оглас за набавката.

Утврдените состојби се истакнати и во точка 3.1.2. од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година и истата сѐ уште не е надмината.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за воспоставување на целосна сметководствена евиденција на градежно земјиште.

3.1.3. Со увид во сметководствената евиденција на Фондот, преземените активности за вршење попис и Извештајот за извршениот попис со состојба на 31.12.2024 година утврдивме дека пописот на дел од побарувањата е извршен со преземање на податоците од сметководствената евиденција, без утврдување на правниот основ, старосната структура и нивната застареност како и причините за ненаплатените побарувања, што не е во согласност со член 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Имено, побарувањата во износ од 5.413 илјади денари се истакнати во извештајот од извршен попис но за истите не се преземени мерки за отпис, истите се застарени а дел потекнуваат од 2009 година.

Нецелосно и неправилно извршениот попис има влијание на реалноста и објективноста на искажаните средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2024 година.

[5] Број 20-632/4 од 23.02.2026 година

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за утврдување на старосна структура на побарувањата, основот за нивното настанување и преземените мерки за наплата.

3.1.4. Согласно член 187 од Законот за ПИО, средствата потребни за остварување на правата од ПИО, Фондот меѓу другото ги обезбедува и од износот на наплатената акциза на минерални масла од Буџетот. Согласно член 92 од Законот за акцизите, со Одлука на Владата[6] утврдено е дека МФ треба да уплаќа на сметката на Фондот дел од износот на платената акциза во висина од 9,18%. По овој основ, Фондот во 2024 година има остварено прилив во износ од 1.624.149 илјади денари. Приходот од акцизи се евидентира врз основа на уплатените средства на сметката на Фондот, без да се вршат усогласувања на податоците со МФ, со цел да се потврди дали остварените приходи од наплатена акциза се во соодветен износ и процент согласно утврдените одредби од Одлуката на Владата. Исто така во одредени случаи МФ врши и повлекување на средства од сметката на Фондот без да се достави известување за основот за повлекување. Одделението за сметководство врши сторнирање на износот кој е повлечен кој во 2024 година е во износ од 13.997 илјади денари, без да се обезбеди поткрепувачка документација за основот поради кој се повлечени средствата.

Оваа состојба не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, согласно кој внесувањето на податоците во деловните книги треба да се заснова врз веродостојни и уредни сметководствени документи и истото влијае на потврдување на точноста и целосноста на наплатените приходи по основ на акцизи.

Во месец јули 2024 година од страна на Фондот доставени се два дописа[7] до МФ со кои се бара да се доставаат веродостојни документи за вкупните уплати што МФ ги врши по основ на акциза како и објаснување за повлекувањата од сметката од Фондот за утврдување на оправданоста на повлекувањето на средствата. МФ доставил Известување[8] во кое не се наведени причините за извршените повлекувања.

Утврдените состојби се истакнати и во точка 3.1.5. од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година и состојбата не е надмината.

[6] Одлука за утврдување и уплатување на дел од износот на платената акциза на енергенти (Службен весник број 278/2019)

[7] Број 12-3885/1 од 10.07.2024 и 12-3885/2 од 12.07.2024 година

[8] Известување број 09-6358/1 од 12.08.2024 година

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да продолжат со активностите за обезбедување на веродостојна документација и усогласување со Министерството за финансии за трансферот и повлекувањето на средства од сметката на Фондот по основ на акцизи.

3.1.5. Во 2024 година Фондот по основ на издавање под закуп на деловни простории во пензионерските домови остварени се приходи во вкупен износ од 17.581 илјади денари. Начинот и постапката на издавање под закуп Фондот ја врши согласно Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Северна Македонија и Процедура[9] за продажба и давање под закуп на деловен простор во сопственост или трајно користење на Фондот.

Со извршените ревизорски постапки и анализи на начинот на остварување на приходите во 2024 година го утврдивме следното:

- по објавен оглас и електронско јавно наддавање пристапено е кон склучување на четири договори за закуп со три правни лица. Со едното правно лице пристапено е кон солемнизирање на двата договора по 9 месеци од склучување на договорите, додека со друго правно лице воопшто не е солемнизиран договорот, што не е во согласност со член 9 став 3 од Законот и точка 2 алинеја 6 од Процедурата кои предвидуваат дека по склучувањето на договорот закупецот во рок од 30 дена истиот го доставува кај нотар заради вршење на солмизација. Со забелешките доставена е документација дека на 19.05.2026 година извршена е Солмизација[10] на Договорот за закуп на објект за одмор и рекреација со извршна клаузула.
- во текот на 2024 година извршено е фактурирање на едно правно лице за кое на ревизијата не е презентиран договор за закуп. Од презентираниот преглед на склучени договори за закуп тој закупец имал склучен договор во 2017 година во период од 5 години, односно договорот му бил истечен што не е во согласност со одредбите од Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Северна Македонија;
- две правни лица/закупци пред потпишување на договорот не извршиле уплата на средства како депозит за обезбедување на обврските од договорот во висина од две месечни закупнини согласно постигнатата крајна цена, што не е во согласност со член 3 став 4 од Договорите за закуп;

[9] Процедура број 02-4997/1 од 08.11.2018 година
[10] ОДУ бр.212/26

- четири правни лица не постапиле согласно член 3 од Договорите за закуп кои предвидуваат дека неплаќањето на две закупнини во текот на една година може да биде причина за раскинување на договорите и
- одделението за стопанисување со имотот на Фондот за 2024 година на ревизијата не и презентира податоци за старосната структура на побарувањата по основ на закуп, дали се покренати постапки за закупците кои нередовно ги плаќаат закупнините, дали се преземени мерки за раскинување на договори. Исто така и пописот на побарувањата од закуп на деловен простор не е извршен согласно регулативата како што е истакнато во точка 3.1.3 од овој извештај.

Ваквата состојба создава правна несигурност за наплата на побарувањата и влијае на висината приходите по основ на закупнина искажани во Билансот на приходи и расходи.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да ги преземат следните мерки и активности:

- навремена солемнизација на договорите за закуп и
- да се воспостави ефикасен систем за следење и навремена наплата на побарувањата од закупнина со преземање мерки за наплата на заостанатите долгови.

## 3.2. Основ за неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Фондот располага со три трезорски сметки и тоа: сметка за уплата и распределба на придонеси од трезорот, главна сметка на Фондот и сметка за уплата на солидарниот фонд на корисниците на пензии. На сметката за уплата и распределба на придонеси, на крајот на секоја година остануваат парични средства, при што со состојба на 31.12.2024 година сметката има состојба на парични средства во износ од 905.143 илјади денари. Оваа сметка е преодна сметка и од неа согласно член 69 од Законот[11] Фондот ги пренесува придонесите на членовите на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (втор столб) веднаш а најдоцна во рок од пет работни дена од приемот на придонесите. Со оглед на тоа дека трансферот на средства до вториот столб бележи доцнење (точка 4.1.) утврдивме и обратен и не логичен тек на движење на средствата односно враќање на средства од главната сметка на сметката за придонеси за да се вратат средства потребни за враќање во вториот столб. Исто така постојат неалоцирани и неидентификувани уплати

[11] Службен весник на Република Македонија број 29/02...245/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 180/19...114/25

на придонеси кои на 31.12.2024 година изнесуваат 88.456 илјади денари, средства кои не се користат за исплата на пензии. Нераспределените средства произлегуваат од неконзистентни (неалоцирани и неидентификувани) износи на уплатени придонеси, кои не се распоредуваат автоматски поради одредени несовпаѓања за кои надлежните одделенија во континуитет преземаат активности за нивно алоцирање. Истакнуваме дека во текот на 2025 година испратени се Задолженија до филијалите/деловниците за анализа на неидентификуваните уплати и нивно разрешување и во 2024 година утврдени се намалувања на неалоцираните и неидентификувани уплати на придонеси кои во однос на 2023 година се намалени во износ од 28.199 илјади денари[12].
Оваа состојба не е во согласност со барањата на член 154 од Законот за ПИО за рационално користење на средствата потребни за обезбедување на правата од ПИО.
Утврдените состојби се истакнати и во точка 3.2.2. од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година.

Препорака
Одговорните лица за раководење и управување да продолжат со активностите за целосно идентификување и расчистување на уплатите и користење на паричните средства од сметката за уплата и распределба на придонеси.

Јавни набавки

Извршивме ревизија на процесот на планирање на јавните набавки, подготвувањето на тендерската документација, доделување на договори за јавни набавки спроведени во износ од 305.353 илјади денари, со детални тестирања на 18 (осумнаесет) постапки за јавни набавки спроведени во 2023 и 2024 година за кои склучени се договори во вредност од 219.195 илјади денари или 72% од вкупно доделените договори за јавни набавки со реализација во 2024 година во износ од 105.510 илјади денари.

3.2.2. За набавки на телекомуникациски услуги, одржување на ИКТ инфраструктура и превентивно и адаптивно одржување на софтверски модули од ИТ системот , за кои се спроведени три постапки за јавни набавки во 2023 година кои имаат реализација и во 2024 година (Прилог број 1), утврдивме неправилности за склучени договори во износ од 38.291 илјади денари за набавки на стоки и извршени услуги за кои се реализирани услуги во износ од 28.977 илјади денари и тоа:

---

[12] Во 2023 година неалоцираните и неидентификувани придонеси изнесувале 116.655 илјади денари

- во тендерските документации[13] се бараат услови кои не се сразмерни со набавките. Имено кај исти постапки се бараат различно работно искуство и потребен број на сертифицирани лица (неконзистентност и не воедначеност). Ваквата состојба не е во согласност со член 82 од ЗЈН согласно кој предметот на набавка се опишува на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин кој ќе обезбеди споредливост на понудите и влијае на конкуренцијата и рационалното трошење на средствата;
- не вршат анализи и не се утврдуваат приоритети и потреби за надградби и усогласувања на системите. Во извештаите за реализација на договорот не е специфициран дали типот на услугата претставува превентивно или адаптивно одржување. Исто така при реализација на договорот за превентивно и адаптивно одржување на софтвер не е извршено разграничување на типот на дадената услуга бидејќи со адаптивното одржување треба да се зголеми вредноста на софтверот. Начинот на спроведување на постапката не е во согласност со член 82 став 1 од ЗЈН согласно кој набавката се опишува на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин;
- кај постапка[14] не е обезбеден доказ дека лицата за кои се барани соодветни сертификати се вклучени во реализација на предметот на набавката, што не е во согласност со барањата од тендерската документација.

Утврдените неправилности во спроведувањето на постапките за јавни набавки и реализацијата на договорите доведуваат до намалена транспарентност, ограничување на конкуренцијата и ризик од неекономично, неефикасно и неефективно користење на јавните средства. Неконзистентното утврдување на критериумите во тендерската документација и нивната несразмерност со предметот на набавка може да влијае врз нееднаков третман на економските оператори и да резултира со избор на понуди кои не се најповолни.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување и да ги преземат следните мерки и активности:
- во тендерските документации кај ист предмет на набавка, да се утврдуваат сразмерни услови кои треба да ги исполнат понудувачите и
- да се врши разграничување на типот на дадената услуга при превентивно и адаптивно одржување на софтверите.

[13] Кај набавките на услуги за превентивно и адаптивно оджување на софтверските модули за работењето на Фондот

[14] Набавка на услуги за сервисирање и одржување на ИКТ инфраструктура

3.2.3.Во текот на 2023 и 2024 година, спроведени се набавки за тековно одржување и изведување на градежно занаетчиски работи на деловни објекти на Фондот во централата, филијали, деловници и пензионерски домови за кои склучени се договори во вкупен износ од 56.484 илјади денари со вклучен Данок на додадена вредност и анекс кон договорот[15] во вкупен износ од 4.785 илјади денари.

По извршен увид во начинот на кој се спроведени постапките како и нивната реализација ги утврдивме следните состојби:

- согласно одлуките за јавни набавки и тендерските документации постапките се спроведени како неделиви иако предмет на набавка било одржување и реконструкција/градежно занатски работи на деловни објекти на Фондот на целата територија на државата и за сите поединечни градежни работи е објавена посебна техничка спецификација. Поради наведеното исполнети биле условите за спроведување на јавните набавки како деливи постапки, што не е во согласност со член 78 од ЗЈН, согласно кој договорниот орган може да го оформи предметот на набавка во повеќе посебни делови, врз основа на објективни критериуми според вид, својства, намена, место или време на извршување;
- не се изготвени технички спецификации (проект и премер-пресметка) за секој поединечен деловен објект кој требало да биде предмет на реконструкција. Имено, изготвена е единствена техничка спецификација која содржи податоци за повеќе од 600 ставки, при што за секоја ставка е наведена количина од 1 (еден) и цена по ставка. Ваквиот пристап не овозможува утврдување на вкупните количини по ставки кои требало да се реализираат, ниту пак овозможува утврдување на вкупната вредност на понудите. Поради наведеното, не може да се изврши споредба помеѓу техничката спецификација и реално извршените работи по поединечни објекти. Со тоа, постапката не е во согласност со член 82 став (1) од Законот за јавни набавки, со кој е пропишано дека предметот на набавка треба да се опише на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин, со цел да се обезбеди споредливост на понудите во однос на условите и барањата;
- Комисијата за јавни набавки, по извршената проверка на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста и на финансиската понуда, не доставила барање за појаснување до економскиот оператор со кое истиот би ја оправдал понудената невообичаено ниска цена. Имено, вредноста на понудата е за 24% пониска од следната рангирана понуда. Со оглед на наведеното, Комисијата била должна да побара објаснување од економскиот оператор, согласно член 110 од Законот за јавни набавки, според кој, во случаи кога прифатлива понуда е за повеќе од

[15] Анекс договор бр.20-4711/3 од 20.12.2023 година

20% пониска од следната рангирана понуда, а се добиени најмалку три прифатливи понуди, договорниот орган е должен да побара од економскиот оператор да ја образложи понудената цена[16];

- во работните налози, градежните книги и времени ситуации позициите за кои била понудена минимална цена во текот на реализација на договорот не се извршени нарачки. Нарачани и извршени се само неколку работни позиции кои во споредба на понудите кои биле оценети како неприфатливи за истите позиции биле понудени пониски цени од 2 (два) до 15 (петнаесет) пати и
- согласно приложените работни налози и градежните дневници непредвидените работи се извршени пред да се достави Барањето за склучување на анексот, Понудата за анекс како и склучувањето на Анексите. Пристапено е кон измена на договорот и истиот е зголемен за 20% од вредноста на основниот договор поради непредвидени работи. Како непредвидени работи во Барањето за анекс на договор е наведено дека е потребно да се изведат работите за објектите да добијат целосен и унифициран изглед или за успешна и квалитетна реализација на проектот, што не е предвидено во член 119 од ЗЈН согласно кој измените, без оглед на нивната парична вредност, се предвидени во тендерската документација на јасен, прецизен и недвосмислен или се однесуваат на непредвидени околности или се неопходни.

Наведениот начин на спроведување и реализација на постапките за јавни набавки се одразува врз почитувањето на начелата на економичност, ефикасност, обезбедување фер конкуренција помеѓу економските оператори и транспарентност, како и врз рационалното користење на буџетските средства.

Во рамки на овие постапки за јавни набавки, во текот на 2024 година, на економскиот оператор им се исплатени средства во вкупен износ од 40.083 илјади денари.

Препорака

Одговорните лица за управување и раководење на Фондот да преземат мерки и активности:

- во постапките за јавни набавки за градежни работи да се изработуваат

[16] Објаснувањата особено се однесуваат на: економичност на производствениот процес, на обезбедувањето услуги или на начинот на градење, избраните технички решенија или кои било други особено поволни услови кои понудувачот ги има на располагање за обезбедување на стоките или услугите или за изведувањето на работите, оригиналноста на стоките, услугите или работите понудени од страна на понудувачот, исполнувањето на обврските од членот 3 став (2) од овој закон, исполнувањето на условите во поглед на подизведувачите и можноста понудувачот да користи државна помош.

деливи технички спецификации по локации низ државата, со изготвени поединечни проекти и премер-пресметки;
- да се бара појаснување од економските оператори во случаи на понуди со невообичаено ниски цени;
- во случај на потреба од зголемување на вредноста на договорите поради непредвидени работи, да се постапува согласно пропишаните одредби во Законот за јавни набавки.

3.2.4. Согласно Правилникот[17] за начинот и условите за сместување во домовите и становите за живеење со кои управува Фондот, функцијата и дејноста на овие објекти како и начинот и условите за нивното работење склучени се договори за закуп на станбен простор со корисници на пензии. По овој основ во 2024 година остварени се приходи во износ од 4.823 илјади денари, во 2023 година 3.554 илјади денари. Наплатата по основ на закуп во домовите е 99% од причини што Фондот врши задршка од пензијата на корисниците на пензија. Во одредени случаи Фондот се грижи односно ги покрива и трошоците за старите лица кои не се згрижени од потесното семејство поради нивната влошена здравствена состојба. По извршениот увид во начинот на доделување како и исполнетоста на условите за сместување во становите при домовите за живеење на корисниците на пензија со кои стопанисува Фондот ревизијата ги утврди следните состојби:
- сместувањето на пензионерите се врши по Правилник за начинот и условите за сместување во домовите и становите за живеење со кои управува Фондот, донесен во 2015 година. Иако се поминати 10 години истиот не е променет и не е усогласен со зголемувањата на пензиите и реалните цени на закупот имајќи ги во предвид инфлаторните движења и зголемувањата на цените на пазарот;
- во прилог на договорите не се презентирани записници од примопредавање на станот, што не е во согласност со член 26 од Правилникот;
- по извршен увид во склучените договори во делот на висина на закупнина за користење на стан и извршените уплати од страна на корисниците, при пресметување на висината на закупнината постои различно постапување и не се почитувале цените предвидени во Правилникот односно за поголема квадратура на стан утврден е понизок закуп во однос на становите со помала квадратура во ист град.[18]

Горенаведените состојби влијаат на начинот на управување со домовите за стари лица, висината на остварените приходи по основ на закуп имајќи ги во

[17] Број 02-1332/2 од 05.03.2015 година
[18] За секој град е утврдена посебна цена на закуп по метар квадратен

предвид инфлаторните движења и зголемувањата на цените на пазарот како и можност од доделување на станови на лица кои не ги исполнуваат бараните услови.
Утврдените состојби се истакнати и во точка 3.2.10. од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година и состојбите не се надминати.

Препорака
Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:
- донесување на нов Правилник за начинот и условите за сместување во домовите и становите за живеење со кои управува Фондот и
- при одредување на висината на месечниот закуп да се почитуваат цените утврдени со донесениот акт.

3.2.5.Органи на Фондот се УО и директорот односно заменик-директорот. Согласно член 159 од Законот за ПИО, директорот и заменик-директорот ги именува УО по пат на јавен конкурс за што носи одлука на која согласност дава Владата. Директорот, односно заменик-директорот го претставуваат и застапуваат Фондот, а нивните права и должности се утврдени во членовите 161 и 162 од Законот за ПИО.
Со увид во актите за именување на директорите на Фондот го утврдивме следното:
- во март 2023 година со Одлука на УО[19] именуван е в.д директор на која е донесено Решение за давање согласност[20], кој е разрешен во септември 2024 година по временски период од над година и пет месеци, со Одлука на УО[21], што не е во согласност со член 162-а од Законот за ПИО согласно кој во случај ако не е извршен избор на директор до именување по јавен конкурс, УО донесува одлука за именување на вршител на должност директор, но не подолго од шест месеци и
- во месец септември 2024 именуван е нов в.д. директор со Одлука на УО[22], по истек на шест месеци продолжен е мандатот на уште шест месеци и со Одлука на УО[23] и Одлука на Влада[24] лицето е именувано за директор со мандат од четири години по претходно распишан конкурс за именување

[19] Одлука за именување в.д. директор на Фондот за ПИО Број 02-1539/1 од 17.03.2023 година
[20] Решение за давање согласност на Одлуката за именување на в.д. директор на Фондот за ПИО Број 15-3130/1 од 21.03.2023 година
[21] Одлука за разрешување на в.д директор на Фондот на ПИО Број 02-4766/1 од 20.09.2024 година.
[22] Број 02-4767/1 од 20.09.2024 и 02-1173/1 од 14.03.2025
[23] Број 02-2289/1 од 02.06.2025 година
[24] Број 18-5832/1 од 10.06.2025 година

на директор на Фондот. По именувањето на директорот не е склучен менаџерски договор помеѓу директорот и УО со кој ќе се уредат правата и обврските што не е во согласност со член 159 став 5 од Законот за ПИО. Исплатата на платата на директорот и заменик директорот се врши по Одлука[25] од 2020 година донесена од УО за определување коефициент за утврдување на плата согласно која основица за пресметка на плата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година помножено со утврдениот коефициент во одлуката.

Несклучувањето на менаџерски договор создава правна несигурност и оневозможува јасно дефинирање на правата, обврските, одговорностите на директорот и висината на платата, како и поставување на мерливи цели и критериуми за оценка на успешноста.

Препорака

Органот на управување да преземе мерки и активности за склучување на менаџерски договор со директорот на Фондот со кој ќе се регулираат правата и обврските кои произлегуваат од работниот однос, како и висината на платата.

## 4. Нагласување на прашања

4.1. Ревизијата смета за потребно да нагласи состојби кои се однесуваат на начинот на пресметка и уплата на придонесите од задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување за осигурениците кои се членови на вториот пензиски столб.

Согласно член 69 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во единствена постапка на собирање на придонесите за пензиското и инвалидското осигурување согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, за потребите на задолжителното капитално финансираното пензиско осигурување ги врши следниве работи: ги прима придонесите за членовите на пензиските фондови од обврзниците за плаќање на придонес за пензиското и инвалидското осигурување, секој работен ден врши срамнување на придонесите со податоците добиени од УЈП и утврдените податоци во евиденцијата на Фондот времено ги распределува осигурениците во задолжителниот пензиски фонд и ги пренесува придонесите на членовите на пензиските фондови на сметките на избраните задолжителни пензиски

[25] Број 02-4993/1 од 18.12.2020 година

фондови, веднаш, а најдоцна во рок од пет работни дена од приемот на придонесите.

Утврдивме дека Фондот не ја врши уплатата на придонесите во законски утврдениот рок од пет дена согласно членовите 60 и 69 од Законот за задолжителното капитално осигурување. Придонесите кои треба да се префрлат на вториот столб во 2024 година се уплаќани со задоцнување во просек од два месеца при што вкупниот долг заклучно со периодот на известување од оваа ревизија односно 27.02.2026 година изнесува 2.592.918 илјади денари и се однесува на нераспределени придонеси за месеците јануари и февруари 2026 година (Прилог број 2). Истакнуваме дека Фондот во законски предвидениот рок ги изработува пресметките за трансфер и ги доставува до трезорот на Министерството за финансии но средствата не се пренесуваат навремено до трите пензиски фондови. Доколку Фондот не ги префрли навремено средствата, согласно член 60 став 4 од наведениот закон Фондот е должен при пренесување на придонесите, да уплати и надоместок за ненавремено пренесување на придонесите. Ненавремената уплата на придонесите може да доведе до губење на принос поради ненавремено инвестирање на средствата, повреда на правата на осигурениците како и нарушување на довербата во пензискиот систем.

Исто така согласно член 191 став 2 од Законот за ПИО средствата од надоместокот за вршење на работите што му се утврдени на Фондот согласно со член 70-а од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување во износ од 0,1% од секој уплатен придонес во претходниот месец[26] кои во 2024 година се во износ од 14.973 илјади денари можат да се користат за извршување на работите на Фондот кои се однесуваат на: воспоставување и унапредување на деловните процеси на Фондот поврзани со членството во вториот пензиски столб и распределба на средствата во вториот пензиски столб, воспоставување и унапредување на деловни процеси на Фондот поврзани со остварување на пензија од првиот и вториот пензиски столб и унапредување на информатичкиот систем на Фондот. Утврдивме дека надлежните служби одговорни за пресметка и евидентирање на наплата на овој надомест немаат преземено мерки за користење на овие средства исклучиво за намените кои ги предвидува Законот.

4.2. Со одредбите од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување[27] се уредуваат видовите на придонеси за задолжително социјално осигурување (придонеси), обврзниците за плаќање на придонеси, обврзниците

[26] месечен надомест на товар на пензиските друштва во износ од 0,1% од секој уплатен придонес во претходниот месец во задолжителните пензиски фондови со кои управуваат

[27] Службен весник на Република Македонија број 142/08...247/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 251/22...267/25

за пресметка и уплата на придонеси, основиците на кои се плаќаат придонеси, стапките на придонеси, начинот на пресметка, роковите на плаќање на придонеси, контрола на пресметување и уплата на придонеси, како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на придонесите. Во член 25 став 1 точка 6 од Законот се определува висината на стапката за задолжително здравствено осигурување за обврзникот корисник на домашна пензија која во 2024 и 2025 година изнесува 13%, додека на 30.12.2025 година извршено е намалување на стапката на 11,8% со примена од 01.01.2026 година[28]. Исто така членот 188 од Законот за ПИО предвидува средствата за пензиското и инвалидското осигурување можат да се користат само за намени утврдени со закон при што во алинеја 2 се предвидуваат и за придонесот за здравствено осигурување. Овие средства Фондот при исплатата на пензиите треба да ги уплати на ФЗОРСМ.

Со извршената ревизија утврдивме дека Фондот во текот на 2024 година не е во можност да врши редовна уплатата на придонесите и истата е вршена со задоцнување од неколку месеци, (Прилог 3) и тоа:

- на 05.04.2024 година извршена е исплата на придонесот за здравствено осигурување на пензионерите кон ФЗОРСМ за месец декември 2023 година;
- заклучно со 31.12.2024 година извршена е исплата за дел на придонес за месец август 2024 година;
- во текот на 2025 година исплатата на придонесот за здравствено осигурување се врши исто така со задоцнување при што на 02.07.2025 година извршена е исплата за месец декември 2024 година, додека на 26.12.2025 година е извршена исплата за месец мај 2025 година и
- заклучно со 28.02.2026 година исплатен е придонесот за здравствено осигурување за месец јуни 2025 година односно со задоцнување од осум месеци. Обврската за неисплатен придонес кон ФЗОРСМ за периодот од месец јуни 2025 година до јануари 2026 година изнесува 8.415.865 илјади денари.

Не можноста Фондот навремено да го уплаќа придонесот за здравствено осигурување до ФЗОРСМ доведува да корисниците на пензија користат здравствени услуги без извршена уплата што влијае на ликвидноста и на ФЗОРСМ.

4.3.Во анализираниот период констатиравме чести и суштински измени на законската регулатива што го уредува пензиското и инвалидското осигурување, особено во делот на механизмите и критериумите за усогласување и зголемување на пензиите. Овие измени имаат директно

[28] Службен весник на Република Северна Македонија број 267 од 30.12.2025

влијание врз висината на пензиските примања и финансиската ликвидност на системот.

Согласно член 37 од Законот за ПИО, пензиите остварени до 28.02.2024 година, од 1 март 2024 година се усогласени за 5,3%. Дополнително, согласно член 18 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за ПИО, пензиите остварени до 31.08.2024 година, од 1 септември 2024 година се зголемени за фиксен износ од 2.500 денари линеарно за сите корисници на пензии[29].

Потребните средства за исплата на пензиите, вклучувајќи го зголемувањето од 2.500 денари во септември 2024 година во однос на август 2024 година, финансирани од Буџетот, изнесуваат 860.102 илјади денари[30].

Во текот на 2025 година донесени се три измени и дополнувања на Законот за ПИО[31]. Со измената од 8.04.2025 година[32], во член 37 се додава ограничување со кое усогласувањето се однесува исклучиво на корисниците на пензија на кои пензијата им се исплаќа во Република Северна Македонија. Ова решение предизвикува нееднаква положба на пензионерите кои не живеат во Републиката поради нарушување на еднаквоста, слободата на движење и правото на социјалната заштита при што утврдивме дека на околу 10.000 лица не им било исплатено зголемувањето на пензијата од 2.500 денари (март 2025 година), како и дополнителното зголемување од 1.000 денари (октомври 2025 година).

Исто така поднесена е иницијатива до Уставниот суд на Република Северна Македонија за оценување на уставноста на членовите 3 и 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за ПИО[33] со која измена не се применува усогласувањето на старосната пензија според движењето на индексот на трошоците на животот во висина од 50% и порастот на просечно исплатената плата на сите вработени од 50% во период од 1 септември 2024 до 31.08.2025 година, односно пензиите се зголемиле во фиксен износ за сите корисници на пензија. Во иницијативата се наведува дека суштината на усогласувањето на старосната пензија е да се одржи вредноста на првата пресметана пензија во текот на целиот период на нејзино користење, а таквото усогласување е повисокиот износ на пензиски придонеси што се уплатуваат по основ на растечките плати, заради усогласување со стапка на инфлација и по основ на пораст на продуктивност, но не и корисниците на пензија кои уплаќале повисоки придонеси да добијат исто зголемување со што се праќа

[29] Службен весник на Република Северна Македонија број 193 од 18.09.2024 година

[30] Исплатата на пензиите за месец август 2024 изнесуваат 7.119.195 илјади денари, за месец септември 2024 година изнесуваат 7.979.297 илјади денари

[31] Службен весник на Република Северна Македонија број 75 /25 , 154/25 и 269/25

[32] Службен весник број 75

[33] Службен весник на Република Северна Македонија број 193 од 18.09.2024 година

сигнал на сегашните обврзници за висината на основицата за плаќање на придонеси . Уставниот суд донел Решение[34] со кое оваа иницијатива се отфрла.

Честите и суштински законски измени влијаат врз предвидливоста, стабилноста и транспарентноста на пензискиот систем, како и врз долгорочното финансиско планирање на Фондот.
Ова прашање го нагласуваме поради неговото значење за одржливоста на пензискиот систем, како и поради довербата на корисниците во системот на пензиско и инвалидско осигурување.

4.4. Имаме обврска да ја истакнеме состојбата со кадровската состојба и вработените во Фондот и тоа:

- на 31.12. 2024 година пополнетоста на систематизираните работни места во Фондот изнесува 49%[35]. Притоа Фондот ангажира и лица по договор за дело, кои изнесуваат 22% од работните места, распоредени на одговорни и стручни работни места. Во Централната служба на Фондот не се назначени директори на 3 сектори и раководители на повеќе одделенија и оддели и не се назначени раководители на 10 филијали и 2 деловници што влијае на раководењето и координацијата на работењето;
- секторот за ИТ се соочува со најголем недостаток на вработени кој претставува клучен сектор за дејноста на Фондот и за исплатата на пензиите, од вкупно предвидените 65 места вклучително и отсекот за скенирање и архивирање на податоци, кој не е вклучен во развојот и одржувањето на системот, пополнети се вкупно 23 односно 15 работни места за ИТ доколку ги исклучиме вработените во спомнатиот отсек. Во ИТ секторот не пополнети се клучни работни места како и лицата за информациска безбедност. Оваа состојба влијае врз квалитетот и навременото извршување на активностите, соодветно функционирање на информацискиот систем и ажурноста на сите воспоставени системи во Фондот и
- според актот за организација во Фондот предвидени се 5 сектори со по неколку одделенија. Поради не пополнетост на клучните места во секторите и одделенијата, во периодот од 2021 до 2025 година од страна на директорот донесени се 27 решенија за зголемување на плата за 10% за кои на дел од лицата што имаат решение за зголемување немаат овластување за зголемен обем на работа. Укажуваме дека непополнетоста на

[34] У бр.13/2025 од 19.11.2025 година
[35] Пополнетоста во клучните сектори за дејноста на Фондот е следна: во Секторот за остварување на правата предвидени се 19 работни места, а пополнети се 10, во Секторот за спроведување на одредбите на Европската унија од предвидени 5 пополнети се 2 работни места, во Секторот за финансиски прашања предвидени се 88, а пополнети се 46 работни места и Секторот за човечки ресурси од предвидени 137 пополнети се 59 места.

раководните места во секторите, одделенијата, филијалите и деловниците и ангажирањето на вработените за извршување на работни задачи како раководители покрај редовните работни обврски, влијае на соодветно разграничување на одговорностите, како и на квалитетот и одговорноста во извршувањето на работните задачи.

Состојбата со бројот на вработените во периодот од 2021 година до 2025 година според податоците добиени од одделението за управување со човечки ресурси во Фондот е прикажана во следната табела:

| реден број | година | систематизирани работни места | број на вработени на 31.12.2024 | барање за унапредување | одобренија од Мф за унапредување | унапредени вработени во тек на годината | барање за ново вработување | одобренија од МФ за нови вработувања | новovработени во тек на годината | Одлив на вработени инспектори | | вработени на определено | број на ангажирани лица по договор на дело |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | Пензионирање | Друг основ | | |
| 1 | 2021 | 955 | 533 | 23 | 23 | 16 | 34 | 34 | 25 | 13 | 17 | нема | 173 |
| 2 | 2022 | 955 | 536 | 25 | 25 | 19 | 72 | 72 | 68 | 59 | 9 | нема | 194 |
| 3 | 2023 | 955 | 519 | 10 | нема | нема | 36 | нема | нема | 23 | 11 | нема | 185 |
| 4 | 2024 | 955 | 487 | нема | нема | нема | нема | нема | нема | 23 | 9 | нема | 202 |
| 5 | 2025 | 955 | 480 | 36 | 36 | 26 | 36 | 36 | 23 | 17 | 10 | нема | 62 |

Анализите на податоците во табелата за периодот од 2021 до 2025 година покажува дека бројот на вработени бележи тренд на намалување, што се должи на не сразмерен однос на одливот на вработени и пополнување на испразнетите работни места. Имено, во наведениот период испразнети се 32 работни места од редовно вработените лица , притоа нема доставени барања за нови вработувања, додека МФ има одобрено согласности за ангажирање на 202 лица за договор на дело заклучно со јуни 2024 година кога им престануваат договорите, односно околу 22% од систематизираните места.

Недоволниот број на вработени, нереализирани унапредувања како и ангажираните лица со договор на дело влијае на извршувањето на основната дејност на Фондот.

4.5.Во врска со ненаплатените побарувања од претходен период заклучно со 31.12.2024 година го истакнуваме следното:

- по основ на штети за исплатени пензии на починати корисници, времени пензии, семејни пензии или друг вид на неосновани исплати на пензии, во сметководствената евиденција на Фондот искажани се сомнителни и спорни побарувања во износ од 151.817 илјади денари, за кои се преземени

активности за утужување во претходниот период но заклучно со денот на ревизијата не се наплатени и
- искажани се побарувања по основ исплата на пензии во износ од 6.908 илјади денари од претходни години кои се однесуваат на дозначени пензии до банките, за кои не е извршен поврат на средствата од трансакциските сметки на починати корисници.

Неизвесноста од наплата на овие побарувања овозможува остварување на имотна корист на поединци за извршени неосновани исплати на пензии, за кои потребно е да се преземат активности за нивна наплата.

4.6. Обрнуваме внимание дека Фондот има отпочнати судски постапки чие решавање зависи од идни настани и тоа:

- во тек се 120 предмети во кои Фондот е тужител, при што побарувањата по основ на штети изнесуваат 24.691 илјади денари при што најголем дел од овие тужбени барања се однесуваат на побарувања од физички лица по основ на неоснована исплата на пензиски примања и
- против Фондот пред надлежните судови поведени се 151 постапки од страна на доверители и вработени, во кои Фондот е тужена страна, по разни основи за побарувања во вкупен износ од 17.341 илјади денари. Најголем дел од овие тужбени барања се однесуваат на побарувања од вработените за неисплатени додатоци од плата (регрес за годишен одмор, новогодишен додаток и разлика во плата по основ на доделени овластувања), надомест на штета и по основ на задоцнета или неисплатена пензија, погрешно утврден стаж.

Сметаме за потребно да истакнеме дека за наведените судски постапки кои сè уште се водат пред надлежните судови и до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност во однос на финансиските импликации кои тие ќе ги предизвикаат врз работењето на Фондот во идниот период.

4.7.Имаме обврска да ја истакнеме состојбата со која дел од извршителите во Република Северна Македонија извршуваат налози во кои како должници се јавуваат корисници на пензија, а при тоа паричните средства директно се повлекуваат од сметката на Фондот кој врши запирања на средства при исплатата на пензиите кон корисниците за кои се добиени вакви налози за извршување. Во деловните книги по овој основ во 2024 година евидентирани се одлив на средства кон 11 извршители во износ од 357 илјади денари и истиот бележи намалување во однос на 2023 година кога се евидентирани повлекувања во висина од 4.539 илјади денари. Одредени извршители, откако биле известени од стручната служба на Фондот, дека не се во состојба да го реализираат налогот за извршување од повеќе причини (починат корисник на

пензија, корисник со најнизок износ на пензија, корисник за кој веќе се задржува 1/3 од пензијата по друг налог за извршување) пристапуваат кон извршување и одземање на средствата директно од сметката на Фондот.

Согласно добиените податоци од Фондот во 2024 година месечно се регистрираат од 200 до 1.140 трансакции, а на годишно ниво оваа бројка достигнува околу 6.210 трансакции. Притоа бројката на вработени лица во Фондот кои се ангажирани на ова прашање во зависност од обемот на работа достигнува 14 лица доколку има потреба се вклучуваат и други вработени од Одделението за исплата на пензиски примања, а за вршењето на оваа услуга Фондот не добива никаков надоместок од страна на извршителите. Истакнуваме дека Фондот не е работодавач на корисниците на пензии поради што не е должник по доставените налози за извршување, ниту пак постои законски основ да врши услуги поврзани со запирање на средства од корисниците на пензии како што предвидува член 141 од Законот за извршување[36]. Единствената обврска за постапување Фондот има согласно на член 41 од Законот за извршување кој предвидува обврска за обезбедување на податок за конкретен должник од евиденцијата на органите на државната управа и член 117 од Законот за извршување, каде се уредени ограничувањата за извршување.

Во октомври 2025 година склучен е Меморандум за соработка помеѓу Фондот, Министерството за правда на Република Северна Македонија и Комората на извршители на Република Северна Македонија[37] со кој се уредува начинот на соработка преку контрола, разменување на податоци за лицата должници за кои е поведена постапка за присилно извршување. Согласно член 8 од меморандумот комората се обврзува дека извршителите нема да изготвуваат налози за симнување на средства од трезорската сметка на Фондот од причини што истиот не е работодавец на корисниците на пензија, со што се очекува во иднина да се надмине ова прашање.

4.8. Согласно Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување, надлежноста за контрола, утврдување, наплата, присилна наплата, застареност и отпишување на придонесите е на УЈП. Евидентирањето на задолжувањата се врши со примена на минималната основица за пресметка на придонесите. Ваквиот пристап може да доведе до потценување на реалниот износ на побарувањата, имајќи предвид дека потенцијалните обврски можат да бидат повисоки од износите евидентирани врз основа на податоците

[36] Член 141 од Законот за извршување - Со налогот за извршување врз плата се определува забрана на определен дел од платата и му се наложува на работодавецот, кој на должникот му ја исплатува платата, паричниот износ за кој е наложено извршувањето да му го исплати, односно да му го исплатува на доверителот.
[37] Број 03-4030/1 од 8.10.2025 година

добиени од УЈП. Притоа на позицијата Побарувања по основ на неуплатен придонес на 31.12.2024 година е евидентиран износ во висина од 5.882.567 илјади денари. Побарувањата по овој основ 2024 година бележат зголемување за 6% во однос на 2023 година кога изнесувале 5.558.681 илјади денари.

Движењето на побарувањата по основ на ненаплатени придонеси за период од 2016 до 2024 година бележи тренд на зголемување што е прикажано на следниот графикон:

**Графикон број 1 - Побарувања по основ на ненаплатени придонеси**




Податоците укажуваат на континуиран пораст на ненаплатените придонеси со исклучок на благо намалување во 2023 година. Трендот укажува на зголемен ризик од акумулирање на нови ненаплатени побарувања, што може да влијае врз ликвидноста на Фондот и ефикасноста на системот за наплата на придонеси. Врз основа на презентираната документација од Фондот извршивме анализа на движењето и на овие побарувања до 2008 година кои имаат апсолутна застареност и за периодот од 2016 – 2024 година кое е прикажано на следниот графикон:

Графикон број 2 - Побарувања по основ на неплатен придонес генерирани до 2008 година

во 000 денари




Движењето на побарувањата настанати до 2008 година покажува тренд на намалување, кој не е резултат на реализирана наплата. Овие побарувања во најголем дел се однесуваат на правни субјекти кои, според евиденцијата на Фондот, се ликвидирани, се наоѓаат во стечај, немаат активна сметка или истата им е блокирана. Како резултат на тоа, Фондот континуирано врши бришење на побарувањата кон овие субјекти, врз основа на известувања од надлежни државни органи дека истите се ликвидирани или избришани од соодветните регистри. Поради ова, вкупниот износ на побарувањата бележи намалување и кои во 2024 година изнесуваат 3.074.939 илјади денари.
Во ноември 2025 година Фондот склучил Анекс[38] на протоколот за размена на податоците со УЈП со кој е регулиран начинот на кој УЈП ќе доставува податоци за ненаплатените и застарени придонеси за задолжително пензиско и инвалидско осигурување.

## 5. Клучни ревизорски прашања

Клучни прашања за ревизијата се оние прашања кои, според професионалното расудување на ревизорот, се од најголемо значење во ревизијата на финансиски извештаи. Овие прашања се наведуваат во контекст на ревизијата на финансиските извештаи во целина и во формирањето на ревизорското мислење за истите, како и дека ревизорот не дава посебно мислење за овие прашања. Ревизијата го идентификуваше следното прашање опишано подолу како клучно ревизорско прашање кое е комуницирано и со одговорното лице на Фондот.

5.1. Согласно Законот за ПИО, средствата потребни за остварување на правата

[38] Број 08-4719/1 од 25.11.2025 година

од ПИО се обезбедуваат со приходи од наплата на придонесот за ПИО, дел од износот на платената акциза за минерални масла, трансфери од Буџетот на Република Северна Македонија, дивиденди на акции и добивка од удели на Фондот и други приходи. Вкупните остварени приходи на Фондот во 2024 година изнесуваат 116.385.230 илјади денари[39], а нивната структура без учество на пренесените средства од минати години е дадена во графиконот што следи:

Графикон број 3 - Структура на приходите во Фондот остварени во 2024 година

во 000 денари




Приходите од наплатен придонес за ПИО[40] во 2024 година се зголемени за 14% во однос на претходната 2023 година[41] и изнесуваат 71.435.601 илјади денари со учество од 61,74% во вкупно остварените приходи. Оствареното зголемување на приходите во 2024 година и понатаму не е доволно за покривање на расходите за пензии кои исто така секоја година бележат раст и во 2024 година изнесуваат 90.277.241 илјади денари.

Во 2024 година до Фондот трансферирани се дополнителни средства од Буџетот во износ 42.473.720 илјади денари кои бележат значително зголемување од 35% во однос со 2023 година кога изнесувале 31.378.756 илјади денари и тоа:

- Од Министерството за социјална политика демографија и млади во износ од 41.958.720 илјади денари и тоа:
  - финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани, во износ од 1.696.748 илјади денари и
  - за покривање на тековниот дефицит во износ од 23.119.596 илјади денари, трансфери за транзициски трошоци на вторите столбови во износ од 15.300.000 илјади денари и трансфери за надополнување на

[39] 689.272 илјади денари
[40] Придонесот за ПИО година изнесува 18,8% од бруто платата за 2024 година
[41] Приходите од наплатен придонес за ПИО во 2023 година изнесувале 62.609.652 илјади денари

придонесите до порастот на минималната плата во износ од 1.842.376 илјади денари.

- Од Министерството за одбрана, во износ од 515.000 илјади денари, за целосно покривање на расходите наменети за исплата на пензии за лица пензионирани со користење на бенефициран работен стаж согласно Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија.

Трендот на движење на учеството на трансферираните средства од Буџетот на Република Северна Македонија во вкупните приходи во периодот од  2014 до 2024 година е прикажан на следниот графикон:

**Графикон  број 4 - Учество на трансферирани средства од Буџетот на Република Северна Македонија во вкупните приходи.**

во 000 денари




Графиконот покажува дека процентот на средствата кои се одвојуваат од Буџетот на државата до 2018 година континуирано се зголемува, за да од 2019 година бележи тренд на намалување. Во 2024 година учеството на трансферираните средства од Буџетот на државата учествува со 36,71% и бележи зголемување од 4,14 % во однос на 2023 година како резултат на извршеното усогласување на пензиите во март 2024 година и линеарното зголемување на пензиите за 2.500 денари во септември 2024 година.

Врз основа на податоците од матичната евиденција на Фондот со состојба декември 2024 година, бројот на осигурениците изнесува 556.294 лица додека бројот на пензионери изнесува 343.048 лица односно соодносот пензионери/осигуреници на крајот од 2024 година изнесува 1:1,63 и истиот бележи намалување во однос на 2023 година кога изнесувал 1:1,70.

Горенаведените состојби укажуваат дека и во иднина, Фондот, во услови на не променета стапка на придонес за ПИО, зголемување на старосната граница или зголемување на вработеноста, ќе продолжи да биде оптоварен со дефицит кој ќе се покрива со трансфери од Буџетот на Република Северна Македонија.

## 6. Останати прашања

6.1.Согласно член 3 од Законот за административните службеници, административен службеник е лице кое засновало работен однос заради вршење на административни работи во некоја од следните институции: органите на државната и локалната власт и другите државни органи основани согласно со Уставот и со закон и институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје. Во членот 4 од истиот закон пропишан е исклучок, определени прашања во врска со работниот однос на административните службеници на одредени институции во целост или делумно да бидат уредени со закон и со колективен договор, на начин различен од овој закон. Иако согласно горенаведените одредби од член 3 и 4 од Законот за административни службеници а имајќи го во предвид и член 164 од Законот за ПИО согласно кој вработените во стручната служба на Фондот имаат статус на административни службеници, вработените во Фондот не се исклучени во член 4 од Законот за административни службеници за да определени прашања во врска со работниот однос ги уредуваат со посебен закон и колективен договор. Имено во член 164-а и 164-б од Законот за ПИО утврдени и пропишани се платите на вработените од стручната служба на Фондот по бодови и категории различни од утврдените во член 87 од Законот за административни службеници, што има влијание на пресметка на платите.

Со новиот Закон за административни службеници[42] која примена ќе започне од 1 јануари 2027 година[43], во член 5 вработените во Фондот исто така имаат статус на државни службеници без да се исклучени како посебни државни службеници како што е пропишано во член 6.
Поради ова потребно е усогласување на Законот за ПИО со Законот за административни службеници.

---

[42] Службен весник на Република Северна Македонија бро4 144/25,252/25 и 266/25
[43] освен одредбите од членот 78 кои ќе се применуваат од 1 февруари 2026 година

Ревизијата истакнува дека Колективниот договор на вработените во Фондот е донесен во март 2022 година[44]. Во 2023 година направени се 6 (шест) измени со Анекси на истиот[45]. Со измената на Колективниот договор од 01.08.2023 година додаден е член 61-а со кој е утврден додаток на плата на сите вработени во Фондот со образложение поради зголемување на работните задачи и обврски предизвикани од постојаното испразнување на работните места. На вработените во Централата и Филијалата во Скопје утврден е додаток на плата од 15%, на вработените во филијалите 10% и во деловниците 5% од платата која им е исплатена последниот месец.[46]

## 7. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.
Ревизијата е спроведена во периодот од 03.11.2025 до 27.03.2026 година, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија, од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2023 година при што изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2023 година презентирано како Прилог број 4, при што утврдивме дека од дадените дваесет и три препораки три се спроведени, четири препораки се во тек на спроведување, осум препораки се делумно спроведени и осум препораки не се спроведени.

## 8. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 9. Одговорност за финансиски извештаи

[44] Број 02-1435/1 од 31.03.2022 година
[45] Анекс Број:02-972/1 од 14.02.2023, Број: 02-1519/1 од 16.03.2023, Број:04-2049/1 од 19.04.2023, Број 02-4002/2 од 01.08.2023, Број 02-4884/1 од 02.10.2023 и Број 02-5370/1 од 07.11.2023 година
[46] по овој основ во 2024 година исплатени се средства во износ од 1.876 илјади денари

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на Фондот, застапувано од:

- Арсим Хасани, в.д. директор од 18.03.2023 година до 20.09.2024 година и
- Никола Мемов, директор од 21.09.2024 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 10. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи на Фондот за пенискoто и инвалидското осигурување земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на финансиски извештаи на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна

Македонија.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Од прашањата за кои се дискутирало со оние кои се одговорни за управувањето, ги одредуваме прашањата кои биле од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и затоа се клучни ревизорски прашања. Ги опишуваме ова прашање во ревизорскиот извештај, освен ако закон или регулатива не го исклучуваат јавното објавување на ова прашање или кога, во исклучително ретки околности, утврдуваме дека за прашањето не треба да се известува во нашиот извештај, бидејќи штетните

последици од истото би можеле реално да ги надминат придобивките од јавната корист од таквото објавување

## 11. Недостатоци во внатрешната контрола

*Процес на работење во ПЕ*

11.1. Врз основа на извршените теренски посети и увид во дел од ПЕ, како и анализа на извештаите на Одделението за внатрешна контрола, кое во текот на 2024 година спровело повеќе контроли, утврдени се следните состојби:

- кај дел од ПЕ е констатиравме неажурност во работењето, односно постоење на значителен број на заостанати и нерешени предмети од претходни години;
- несоодветна распределба на работните обврски помеѓу вработените и лицата ангажирани по договор на дело, при што кај одредени ПЕ постои зголемен обем на работа и потреба од дополнителни вработувања;
- кај најголем дел од подрачните единици се утврдени несоодветни хигиенски услови за работа, оштетени натписни табли, како и потреба од реконструкција на деловните простории, кои во најголем дел се користат заеднички со Фондот за здравствено осигурување и
- документацијата (предметите) во најголем дел од ПЕ се чува во несоодветни услови, што создава ризик од нивно оштетување или уништување (кражба, влага, поплави), при што се евидентирани и случаи на веќе оштетени предмети.

Утврдените состојби не се во согласност со членовите 14, 16 и 17 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, со кои се уредуваат контролната средина, организациската структура, поделбата на надлежностите, управувањето со човечките ресурси, како и воспоставувањето на соодветни информации и комуникација. Ваквата состојба влијае врз квалитетот, ефикасноста и навременото извршување на работните обврски на Фондот.

Препорака

Одговорните лица за раководење управување да преземат активности за:

- навремено решавање на барањата за остварување на правата;
- обезбедување просторни услови за работа на вработените во ПЕ;
- соодветна распределба на работните обврски на вработените и
- обезбедување на соодветни услови за работа и безбедно одложување на пензиските предмети

*Процес на остварување на права од ПИО*

11.2. Одделните процеси поврзани со остварувањето на право од ПИО кои се однесуваат на: старосна пензија, инвалидска пензија и семејна пензија, право на најнизок износ на пензија, право на паричен надоместок за телесно оштетување и други парични надоместоци, освен со Законот за ПИО е уредено со повеќе интерни акти и процедури. Постапката за утврдување на правата и обработката на барањата до донесување решение се врши во ПЕ на Фондот. Со ревизијата утврдивме слабости во воспоставениот систем на контроли и постапки за остварување на правата од ПИО за кои ревизијата во континуитет известува и тоа:

- не е воспоставена целосна поделба на надлежностите и одговорностите во процесот на обработка на пензиските предмети[47]. Во услови на не доволен број на вработени, овој недостаток се надминува со давање на овластувања на лица ангажирани по договор на дело, што претставува отстапување од воспоставување на ефикасен систем на внатрешни контроли и
- кај дел од предметите за остварување право од пензиското и инвалидското осигурување не е приложена комплетна документација. Дополнително, документацијата не е потврдена со електронски потписи од страна на овластените лица за изработка и контрола, иако истата претставува составен дел од електронското пензиско досие.

Утврдените состојби на воспоставените внатрешни контроли не се во согласност со член 16 од ЗЈВФК со кој се пропишани начинот на воспоставување на контроли на поделба на должностите, системот на двоен потпис и документирање на сите трансакции на субјектот и влијае на различно постапување на ПЕ и филијалите на Фондот на обработката и комплетирањето на документацијата во пензиските предмети, како и ризик од точност и навременост во постапката согласно на законската и подзаконска регулатива од областа.

Препорака

Надлежните органи за раководење и управување со Фондот да преземат активности за:

- зајакнување на контролните механизми и воспоставување целосна поделба на надлежности и одговорности во рамките на сите активности кои се во надлежност на Фондот и

[47] Архивари, референти и контролори за матична евиденција и референти и контролори за решавање.

- обезбедување комплетност на документацијата во електронските пензиски досиеја за остварување на права од ПИО.

*Процес на исплата на пензиски примања*

11.3. Во делот на функционирањето на воспоставените внатрешни контроли во процесот на обработка на пензиските досиеја и исплата на пензиските примања, кој се одвива преку воспоставениот електронски систем во Одделението за исплата на пензиски примања во Централата на Фондот, ги утврдивме следните слабости:

- не е извршено целосно ажурирање на интерните акти со кои се уредуваат постапките и контролите во овој процес, при што освен една процедура донесена во 2018 година[48,] останатите процедури со кои се уредува постапувањето во Одделението, се донесени во 2011 и 2012 година согласно стариот Закон за ПИО[49].
- не е донесена процедура за уредување на процесот на прием, евидентирање и одложување на примените документи, вклучително и на налозите за извршување доставени од извршителите. Ажурирањето на овие процедури е во тек, односно изработени се предлог-верзии на процедурите кои не се усвоени;
- активностите во процесот на исплата на пензии, согласно процедурите ги вршат повеќе вработени од одделенијата во Секторот за финансиски прашања и Секторот за ИТ, но за внесените податоци и извршените проверки за потврдување на точноста, не е предвидено и не се врши авторизирање на пресметките за исплата на пензии од страна на инволвираните лица во целиот процес. Се авторизираат единствено налозите за исплата од сметката на Фондот;
- не се предвидени контроли за усогласувања помеѓу Одделението за исплата на пензиски примања и Одделението за сметководство и плаќање во однос на пресметаниот износ за исплата и конечната исплата по банки и корисници, поради што постои ризик од грешки при исплата на пензиите;
- и покрај воспоставените контроли за поврзување на базите на податоци и преземање на потребните информации и документација од надлежните институции кои се однесуваат на информации за починати корисници[50,]

[48] Процес на исплата на пензиски примања број 02-2062/1 од 25.04.2018 година
[49] Процедури за: отворање финансиско досие, промена на податоци, откривање и постапување по штети, рачна исплата на пензии за починати корисници
[50] Воспоставена е електронска комуникација со Управата за водење матични книги

школски потврди[51], потврди за живот[52], постои ризик од исплата на пензија на корисници и по истекот на законски утврденото право.

Наведените состојби не се во согласност со член 16 од ЗЈВФК со кој се пропишани контролите на овластување и одобрување и документирање на сите трансакции поврзани со активностите на субјектот, донесување на процедури за целосно, точно прецизно и ажурно сметководство на сите трансакции и влијае на навременоста, точноста на постапката на пресметка и исплата на пензиските примања.

Истакнуваме дека со Годишната програма за 2025 година на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија на тема: *„Имплементација на превентивни мерки за информациска безбедност на ИТ системот на Фондот“* со која ќе биде опфатен ИТ системот на Фондот и воспоставените контроли поради што ревизијата не дава препорака.

Препорака

Надлежните органи за раководење и управување да преземат активности за:

- целосно ажурирање и усвојување на процедурите за исплата на пензиските примања и нивно усогласување со барањата на електронскиот систем за исплата на пензии и Процедурата за евидентирање и одложување на примените документи, вклучително и налозите за извршување во Одделението за исплата на пензиски примања и
- понатамошно интензивирање на активностите за унапредување на апликацијата за исплата на пензии за воспоставување целосни системски контроли за навремено обезбедување на потребните податоци при исплата на пензиските примања.

## 12. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија одржан на ден 27.03.2026 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, од страна на г. Никола Мемов директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, број 02-2215/1

[51] Иницијатива за електронско поврзување со Универзитетите во Република Северна Македонија

[52] Договори за електронска размена на податоци за починати корисници со странски фондови за ПИО со Србија и Хрватска

од 21.05.2026, заведени во Државниот завод за ревизија под број 22-644/5 од 22.05.2026 година. Забелешките се однесуваат на точките: 3.1.1, 3.1.2, 3.1.3, 3.1.4, 3.1.5 алинеја 1,2 и 5, 3.2.1, 3.2.2 алинеја 1,2 и 3, 3.2.3, 3.2.4, 3.2.5, 4.1, 4.2, 4.4, 4.7, 4.8., 5.1, 10.1 алинеја 1 и 5, 10.2 и 10.3.

Добиените забелешки се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и е констатирано следното:

- забелешката на точката 10.1. алинеја 1, се прифаќа што соодветно ќе биде прилагодено во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор;
- забелешките на точките 3.1.1., 3.1.2., 3.1.3. 3.1.4., 3.1.5. алинеја 5, 3.2.1., 3.2.2., алинеја 1, 2 и 3, 3.2.3.,3.2.4. 3.2.5. алинеја 2, 4.1., 4.2, 4.4.,4.7, 4.8, 5.1., 10.1. алинеја 1, 10.2 и 10.3. претставуваат известувања за преземените активности или активностите кои ќе се преземат во идниот период ;
- забелешката на точката 3.1.5. алинеја 1 претставува известување за преземени мерки кое е соодветно обелоденето во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор и
- забелешките на точките 3.1.3. и 3.1.5. алинеја 2, не се прифаќаат поради не доставени дополнителни докази кои би имале влијание на утврдените состојби.

Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2024 ГОДИНА

во 000 Денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 73.059.772 | 64.833.023 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 144.793 | 130.978 |
| Капитални приходи | 3.3. | 17.695 | 9.723 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 43.162.970 | 35.182.040 |
| Продажба на хартии од вредност | | 0 | 244 |
| **Вкупно приходи** | | **116.385.230** | **100.156.008** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.5. | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 363.126 | 308.615 |
| Стоки и услуги | 3.5.2. | 155.444 | 160.017 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.3. | 44.620 | 43.167 |
| Социјални бенефиции | 3.5.4. | 114.642.753 | 98.902.868 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **115.205.943** | **99.414.667** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **44.721** | **52.090** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **115.250.664** | **99.466.757** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1.134.566** | **689.251** |



Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ____________________ ________________________

2. ____________________

3. ____________________

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| Опис на позицијата | Образложение | 2024 | 2023 |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | 4.1. | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1.134.566 | 689.251 |
| Побарувања | 4.1.2 | 20.486.695 | 17.944.087 |
| Побарувања за даноци, придонеси и други давачки | 4.1.3. | 86 | 86 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 4.1.4. | 19.849 | 19.849 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | | 0 | 158 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5. | 14.769.448 | 10.897.824 |
| Аванси за капитални средства | | 0 | 0 |
| Залихи | 4.1.6. | 5.257 | 6.748 |
| **Вкупно тековни средства** | | **36.415.901** | **29.558.003** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | 4.2. | | |
| Капитални (материјални) средства | 4.2.1. | 1.662.586 | 1.584.331 |
| Природни богатства | 4.2.2. | 46.890 | 46.890 |
| Други капитални вложувања | 4.2.3. | 369 | 369 |
| Долгорочни пласмани | 4.2.4. | 4.570.890 | 4.620.283 |
| **Вкупно капитални средства** | | **6.280.735** | **6.251.873** |
| **Вкупна актива** | | **42.696.636** | **35.809.876** |
| Вонбилансна актива | 4.3. | 517.054 | 498.824 |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | 4.4. | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 9.213 | 22.076 |
| Краткорочни обврски по резерви | 4.4.2. | 103.107 | 97.821 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.4.3. | 565 | 550 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 4.4.4. | 14.629.196 | 10.746.563 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.5. | 29.457 | 28.718 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | | 0 | 158 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.6. | 21.639.106 | 18.655.370 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **36.410.644** | **29.551.256** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5. | 6.285.992 | 6.258.620 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **6.285.992** | **6.258.620** |
| **Вкупна пасива** | | **42.696.636** | **35.809.876** |
| Вонбилансна Пасива | 4.6. | 517.054 | 498.824 |

НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2024 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (Зал. на мат., рез. делови, сит. инв. и хартии од вредн.) | ВКУПНО ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И РЕВАЛ.РЕЗЕРВА |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(2+3) |
| **Состојба и промени на капиталот и резервите** | | | |
| **Состојба на ден 01 јануари 2024** | **1.631.590** | **4.627.030** | **6.258.620** |
| **Зголемувања:** | **122.068** | **8.559** | **130.627** |
| Набавка на постојани средства и канц.материјали и бифе | 39.220 | 8.543 | 47.763 |
| Ефект од ревалоризација на материјални и нематеријални средства | 82.848 | | 82.848 |
| Вишок по попис бифе | | 16 | 16 |
| **Намалувања:** | **43.813** | **59.442** | **103.255** |
| Амортизација на постојани средства | 43.645 | | 43.645 |
| Кусок по попис | 168 | | 168 |
| Издадени материјали | | 9.403 | 9.403 |
| Отпис на материјали во магацин, поради некористење по одлука на УО од 06.02.2025) | | 648 | 648 |
| Промена на капитал(бришење од евиденција по одлука на УО од 06.02.2025) | | 49.391 | 49.391 |
| **Состојба на ден 31. декември 2024** | **1.709.845** | **4.576.147** | **6.285.992** |